**Ликовна колонија Дрен 2017**

По десетии пат во јуни 2017 во ЦК „Марко Цепенков“ се одржа ликовната колонија Дрен.

Во ликовното ателје, во дворот на Центарот, твореа Андријана Мациев, Новица Трајковски, Петра Јовановска, Верче Николоска, Александар Џинго, Билјана Бинчев, Драган Најденовски и Тони Чатлески (Македонија), Елена Ривка Беларева и Виктор Пушкин од Русија, Пламен Бонев и Маријана Везарова од Бугарија, кои на градот, на државата во трајна сопственост  му оставија вредни уметнички дела.

- Атмосферата за работа во ателјето беше одлична. Организаторите гостопримливи. Воодушевена сум од градот – изјави Ривка Беларева од Русија.

Колонијата Дрен, која се одржа по десетти пат беше во рамките на Прилепското културно лето, што го организира ЦК „Марко Цепенков“

{AG}lkdren2017{/AG}